**20191582512**

## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9, член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година и бр.01-2949/1 од 30.05.2019 година, согласно точка I потточка 3 од Решението за извршен редовен инспекциски надзор на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Уп1 бр.08-78 од 15.07.2019 година (наш арх.бр.03-2327/4 од 23.07.2019 година) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3716/5 од 30.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 30.07.2019 година, донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ НА ДРЖАВНО, РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.01-5988/1 ОД 04.12.2014 ГОДИНА, СО ИЗМЕНА БР.01-4077/1 ОД 12.09.2018 ГОДИНА

Член 1

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.180/14 и 172/18), (во понатамошниот текст: Правилник за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка), во Прилогот бр.1 – Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер, во табелата „Физичко лице“, полето за впишување на „ЕМБГ“ се брише.

Изменетиот Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер е составен дел на овој Правилник (Прилог бр.1).

Член 2

Низ целиот текст на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка и во Прилогот бр.1 – Образец на Барање за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузер, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 3

Во останатиот дел Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка, не се менува.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-3747/1
31 јули 2019 година
Скопје

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
Претседател на Советот,
**Лазо Петрушевски,** с.р.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Палата Панко Брашнаров,**
**ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**
**Тел: +389 23 103 400**
**Факс: +389 23 103 401**
**e-mail: contact@avmu.mk**

**Прилог бр. 1**

(приемен печат на АААВМУ)

***БАРАЊЕ[1]***
***ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕР***

**Физичко лице [2]**

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| Телефон | |
| Електронска пошта (e-mail) | |

**Правно лице[3]**

| | |
|---|---|
| Целосен назив | |
| Седиште | |
| Телефон | |
| Факс | |
| Електронска пошта (e-mail) | |

**Барам да ми се издаде копија од:**

- Снимка на информација објавена во рамките на програмскиот сервис на следниот радиодифузер:

______________________________________________

[1] Согласно член 9 и 10 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.180/14),
[2] Се пополнува само кога барателот е физичко лице,
[3] Се пополнува само кога барателот е правно лице

- Наслов на емисијата во која е објавена бараната информација:

___________________________________________________________

- Датум и време кога е објавена информацијата:

___________________________________________________________

___________________________________________________________

- Копијата на снимката/те е/се потребна/и за:

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Барател: ______________________

Потпис:_______________________

Датум на поднесување на барањето: ______________________